РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали лицето како ВД директор на Здравствен Дом може да ја извршува функцијата член на Надзорен одбор на ЈП.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (2) и (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува** Собранието на Република Македонија**, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга**.“

(4) „Избрано или именувано лице **не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија смета дека лицето може да извршува само една од двете наведени функции, или ВД директор на Здравствен Дом или член на Надзорен одбор на ЈП.

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија известува дека доколку горенаведените функции ги извршува во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**